Врз основа на член 9 став 6 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 115/2024), Уставниот суд на Република Северна Македонија на работниот состанок одржан на 26.декември 2024 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПОДНЕСУВАЊЕ ПОДНЕСОЦИ ДО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со овој правилник се уредува приемот и постапувањето по поднесок поднесен до Уставниот суд на Република Северна Македонија по електронски пат.

### Член 2

Поднесоци кои може да се поднесуваат електронски се: иницијатива за оценување уставност на закон, уставност и законитост на друг пропис или колективен договор и уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани; барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот; предлог за решавање судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; предлог за решавање судир на надлежности меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа.

### Член 3

Генералниот секретар на Уставниот суд ја организира и координира работата на Службата по примените поднесоци по електронски пат и се грижи за примена на законските и подзаконските прописи кои се однесуваат на постапувањето со поднесоци кои се поднесуваат електронски.

### Член 4

Поднесоците се поднесуваат електронски преку посебна е-адреса (e-mail) кој е достапен на интернет страницата на Судот на која има детално упатство за начинот на поднесување.

### Член 5

Датумот на прием на поднесокот кој е поднесен електронски се смета како ден кога е предаден на Судот.

Член 6

За примените поднесоци по електронски пат се води евиденција.

Член 7

Од примените поднесоци по електронски пат се прави копија во хартиена форма.

Член 8

Генералниот секретар определува вработен кој има пристап до поднесоците по електронски пат, чии податоци ќе бидат објавени на интернет страницата на Судот.

Член 10

Овој правилник влегува во сила на 1 јануари 2025 година.

Су. Ф-1679/24
26.12.2024 година, Скопје

Претседател
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија,
д-р Дарко Костадиновски